Акционерско друштво во државна сопственост
за вршење на дејноста давање услуги во
воздухопловната навигација

Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e
veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror

„М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ

# Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули – септември 2022 година

Ноември, 2022 година

“Босфор“ Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor“ Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот:** Тримесечен извештај за работата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, во кој се резимирани активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот од 01.07 – 30.09.2022 година, а истиот вклучува Резиме на активностите на Друштвото во извештајниот период, Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи со пресек 02.11.2022 година, како и Компаративна анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година.

**Наслов**

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА „М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ**

**ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| **Референтен број**: МНВ-810-103.06 | **Издание број**: 1.0 <br> **Дата**: 11/11//2022 |

**Извадок**:

“Како што може да се види од Табелата 2.2 погоре, во третото тримесечје од 2022 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 18,43% повеќе расходи во однос на планираните за извештајниот период”...

**Клучни зборови**:

Планирани приходи, планирани расходи, реализирани приходи, реализирани расходи, вкупни приходи, вкупни расходи.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/провериле/одобриле овој документ

| **Функција** | **Име, презиме и потпис** | **Дата** |
|---|---|---|
| Изработил | Игор Андреевски<br>Самостоен советник за контрола на буџет | |
| Проверил аспект - квалитет | Леонора Шаља<br>Шеф на Отсек за квалитет – безбедност во Одделение за безбедност, обезбедување и квалитет | |
| Ревидирал аспект - усогласеност | Валентина Димевска<br>Раководител на Одделение за внатрешна ревизија | |
| Одобриле | Fahrudin Hamidi<br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна навигација<br><br>Владко Крстевски<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна техника<br><br>Migjen Salmani<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | |

**Содржина**

1. Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2022 година....................5

2. Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2022 година....................8

3. Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година....................12

4. Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година....................19

# 1 Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2022 година

- Во третото тримесечје од 2022 година, акумулирано, продолжува порастот во однос на истиот период од 2019 година која се зема како компаративна основа. Ова продолжено позитивно движење на сообраќајот е во период кој е мошне значаен за финансиската добивка на компанијата ќе придонесе за постепено стабилизирање на економската состојба која беше нарушена за време на Covid-19 периодот. Земајќи ги во предвид можните брзи промени во авио индустијата, ситуацијата сеуште будно се следи, за да бидеме спремни да се адаптираме на одредени новонастанати состојби.

- По склучувањето на двата нови договора: нов Договор за заем со ЕБОР во вкупен износ од 10.000.000,00 еур и нов Договор за заем со локална банка во вкупен износ од 5.000.000,00 еур - истите без државна гаранција, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и во референтниот период ја продолжува реализацијата на планираните капитални проекти планирани во Договорот за заем склучен со ЕБОР (Опр.53184), и со локална банка, односно со Комерцијална банка А.Д. Скопје како најповолна понуда од локална банка, за склучување на Договор за заем со кој Друштвото ќе обезбеди финансиски средства со кои ќе се рефинансира, т.е. целосно ќе се отплати тековниот Договор за заем склучен со ЕБОР на ден 29.07.2022 година Опр.53184 и остатокот за обртни средства со кои ќе се обезбеди финансиската ликвидност на Друштвото.

- Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација по Договорот за задолжување со ЕБОР од 29.07.2022 година, во ова тримесечје продолжи со активности во сите проектни компоненти. Реализацијата на компонентата за набавка на нов АТМ систем продолжи со реализација, при што заврши обуката на оперативниот персонал на М-НАВ и започна реализацијата на Factory Acceptance Test (FAT). FAT (Factory Acceptance Test), за новиот АТМ систем, се изведе во просториите на Leonardo, во период од 06.06.2022 до 08.07.2022 на која учествуваа експерти од „М-НАВ“ А.Д. - Скопје придружувани од колеги експерти од Eurocontrol, за надзорирање на тестовите за оние функционалности за кои имаа огромно искуство и знаење. Беа извршени 1337 тестови, преку кои детално се проверуваа сите однапред зададаени функционалности со кои располага системот. Од спроведените тестови 96,26% беа успешно извршени, а малиот процент на тестови кои не ја задоволуваат оценката за успешнот ќе бидат повторени пред отпочнување на постапката за пакување и испорака на новиот систем кон Северна Македонија. Во перидот на извештајните месеци работната група за имплементација на новиот АТМ систем отпочна со редовни координативни состаноци со тимот на Leonardo, каде интензивно се работи на отстранување на констатираните забелешки со цел да се оствари стратешката цел на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, целосно функционален оперативен систем, до почеток на летна сезона 2024 година.

- Што се однесува на проектот за набавка на нов VCS систем по потпишувањето на договор со најповолниот понудувач, Rohde&Schwarz, проектот започна со реализација. Следејќи ги сите фази на реализација се очекува во текот на првото тримесечје на 2023 да се спроведе FAT тестирањето. Пото следи обука за инволвираниот персонал, а целосната реализација на овој проект е предвидена за до крај на 2023 година.

- Проектот за набавка на Mode-S радар е во завршна фаза. Избран е најповолниот понудувач и во тек се подготовки за потпишување на Договорот преку кој ќе се официјализира и оваа значајна инвестиција која ќе придонесе во целокупната модернизација на ситемот за контрола на летање. Се очекува потпишување на договорот до крај на оваа година.

- Имплементацијата на новиот VHF систем е успешно реализиран. Инсталацијата на опремата на локацијата во Скопје и на локацијата Солунска глава како и целата неопходна опрема во оперативната зграда е завршена. Транзициониот период и тест периодот се заврши со минимално влијание на давањето на услуги кон корисниците во текот на периодот на инсталација и имплементација.

- Во однос на подготовката за имплементација на новата регулатива ЕУ регулативата 2017/373, која по донесувањето на Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, изминатово тримесечје, соодветно на доделените задачи, секој член од групата за имплементација на новата регулатива пристапи кон подетална анализа на потребните ресурси (човечки или финансиски) со цел навремено да се усогласат постоечките работни упатства со барањата од регулативата.

- По успешно реализираниот повик за регрутацина на нови контролори на летање, и по успешно спроведување на целогупниот процес за селекција на најсоодветните кандидати, во текот на месец ноември, избраните кандидати потпишаа договори за вработување на определено време со „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, и веќе отпочнаа почетна обука со претходно избраниот школски центар.

- По донесување на заедничкото решение околу исплатата на заостанатиот дел од плата на своите вработени, кое намалување беше предизвикано од финансиската потешкотија на Друштвото, предизвикана од пандемијата со Covid-19, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, редовно врши исплата на утврдените делови остаток на вработените.

- Во текот на ова тримесечје, речиси сите состаноци и работни средби во и вон Друштвото беа за подобро менаџирање на кризата со Covid-19. Секако сите контакти се сведени строго на видео состаноци, а следењето на редовните состаноци во Eurocontrol, беше спроведувано преку Webex. Службените патувања беа и сеуште не се дозволени, поради рестрикциите и правилата кои ги наметнува нашата држава како и другите земји во кои се патува.

- Што се однесува до започнатите и планираните проекти кои се од значење за системот на контрола на летање, ова тримесечје речиси сите активности беа на чекање, освен редовното сервисирање на сите уреди и средства, кои учествуваат во безбедно давање на воздухопловен сервис. По однос на најзначајниот проект за „М-НАВ“ А.Д. - Скопје (Набавка и имплементација на нов АТМ систем), се одвиваат со зголемено темпо, колку што дозволува далечинското синхронизирање на активностите. Редовни видео конференции и преписки по електронски пат. Во овој квартал беа активирани и меѓународно објавени повиците за набавка на новиот VCS систем и новиот Mode-S радар. За истите се очекуваат понудувачите да ги достават своите понуди на почетокот на третиот квартал преку ЕБОР електронскиот систем.
- Според статистиките на Централното биро за наплата (Central Route Charging Office - CRCO) на Eurocontrol за реализираните наплатни единици од прелетите во 2022 година, Република Северна Македонија во третото тримесечје од 2022 година бележи зголемување од 19,3% во однос на истиот период во 2021 година, односно 24,7% во однос на планираноt сообраќај за третото тримесечје од 2022 година.
- Во текот на третото тримесечје во 2022 година се опслужени вкупно 87.069 летови од кои 80.704 прелети и 6.365 полетувања и слетувања на аеродромите во Скопје и Охрид.
- Бројот на прелетите во воздушниот простор на РСМ во третото тримесечје од 2022 година е зголемен за 16,8%, додека бројот на операциите на аеродромите во Скопје и Охрид е зголемен за 13,8% во однос на истиот период од 2021 година.
- Табела од Централното Биро на Eurocontrol за реализирани наплатни единици од прелетите над Република Северна Македонија во периодот од 01.01 до 30.09.2022 година:

| Charge area : | LW |
|---|---|

| Month | | 2022 Actual | 2022 Unit Rate Basis | 2021 Actual | 2020 Actual | 2019 Actual | % 2022 A / 2022 F | % 2022 A / 2019 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (1)/(2) | (1)/(5) |
| 1 | January | **17,786** | *14,436* | 8,338 | 22,672 | 17,708 | 23.2% | 0.4% |
| 2 | February | **15,376** | *13,564* | 6,852 | 20,493 | 16,639 | 13.4% | -7.6% |
| 3 | March | **23,176** | *15,679* | 9,087 | 14,355 | 19,233 | 47.8% | 20.5% |
| 4 | April | **32,321** | *23,174* | 9,845 | 3,678 | 28,427 | 39.5% | 13.7% |
| 5 | May | **43,206** | *32,979* | 12,454 | 4,181 | 40,456 | 31.0% | 6.8% |
| 6 | June | **49,050** | *37,480* | 21,943 | 5,417 | 45,978 | 30.9% | 6.7% |
| 7 | July | **52,991** | *41,208* | 38,450 | 17,682 | 50,551 | 28.6% | 4.8% |
| 8 | August | **50,553** | *41,263* | 45,991 | 25,368 | 50,618 | 22.5% | -0.1% |
| 9 | September | **45,428** | *36,960* | 40,390 | 21,879 | 45,339 | 22.9% | 0.2% |
| 10 | October | | *30,957* | 40,568 | 19,010 | 37,975 | | |
| 11 | November | | *16,798* | 21,639 | 9,596 | 20,607 | | |
| 12 | December | | *17,502* | 19,771 | 9,849 | 21,469 | | |
| **TOTAL** | | **329,886** | ***322,000*** | 275,328 | 174,181 | 395,000 | **28.5%** | **4.7%** |

Со почит,

**Претседател на Управен одбор**
**Kryetar i Këshillit Drejtues**
**Fahrudin Hamidi**

# 2 Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година

## 2.1 Анализа на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2022 година

Како што може да се види од табелата 2.1 подолу, во третото тримесечје од 2022 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 14,73% повеќе приходи во однос на планираните за извештајниот период и тоа:

- 14,84% повеќе реализирани приходи од прелети на воздухоплови;
- 13,62% повеќе реализирани приходи од терминалните услуги на воздухопловна навигација;
- 17,37% повеќе реализирани останати приходи.




**Табела 2.1: Планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2022 година[1]**

| ***Вид на приходи*** | ***Планирани приходи 01.07 - 30.09.2022*** | ***Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2022*** | ***индекс*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***Прелети на воздухоплови*** | 356.326.943,99 | 409.206.824,90 | 114,84 |
| | | | |
| ***Терминални услуги*** | 42.002.427,20 | 47.724.961,90 | 113,62 |
| | | | |
| ***Останати приходи*** | 3.000.000,00 | 3.520.976,86 | 117,37 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***401.329.371,19*** | ***460.452.763,66*** | ***114,73*** |

[1] Извор: Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2022 година (со датум од 02.11.2022 година).

Во третото тримесечје од 2022 година, со намалување на влијанието на Омикрон варијантата и почетокот на летната туристичка сезона, дојде и до нормализирање на состојбата во авиосообраќајот и пораст на вкупниот број на летови во воздушниот простор на Република Северна Македонија. Нивото на сообраќајот веќе започна да го достигнува предпандемиското ниво од 2019 година, но за жал сега се соочуваме со уште една непредвидена криза предизвикана од руската инвазија на Украина, со времетраење и интензитет сеуште непознат.

Состојбата со сообраќајот во 2022 година опширно е образложена во Точка 1 – Анализа на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија како составен дел на Тримесечниот извештај за работата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули – септември 2022 година.

### 2.1.1 *Графички приказ на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година*



## 2.2 Анализа на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година

**Табела 2.2: Планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година**[2]

| *Вид на расходи* | *Планирани расходи 01.07-30.09.2022* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2022* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **186.984.477,90** | **223.588.263,00** | **119,58** |
| Бруто плати | 186.234.477,90 | 221.099.332,00 | 118,72 |
| Други трошоци за вработените | 750.000,00 | 2.488.931,00 | 331,86 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **17.631.000,00** | **18.684.428,56** | **105,97** |
| Трошоци за суровини и материјали | 1.050.000,00 | 77.182,00 | 7,35 |
| Трошоци за резервни делови | 3.500.000,00 | 29.372,00 | 0,84 |
| Потрошена енергија | 3.900.000,00 | 9.259.417,84 | 237,42 |
| Транспортни услуги | 910.000,00 | 247.161,49 | 27,16 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 4.260.000,00 | 4.147.302,87 | 97,35 |
| Трошоци за одржување | 3.510.000,00 | 4.921.022,36 | 140,20 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 501.000,00 | 2.970,00 | 0,59 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **13.406.200,00** | **7.077.542,33** | **52,79** |
| Закуп на канцелариски простор | 750.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 199.000,00 | 277.377,00 | 139,39 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 3.250.000,00 | 3.005.066,27 | 92,46 |
| Трошоци за репрезентација | 600.000,00 | 537.830,63 | 89,64 |
| Премии за осигурување | 201.000,00 | 1.218.978,00 | 606,46 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 406.200,00 | 3.838,00 | 0,94 |
| Останати нематеријални трошоци | 8.000.000,00 | 2.034.452,43 | 25,43 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **100,00** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **0,00** | **2.901.469,95** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **3.100.000,00** | **11.706.636,56** | **377,63** |
| Банкарски трошоци | 750.000,00 | 9.188.765,42 | 1.225,17 |
| Камати по банкарски кредити | 2.350.000,00 | 2.517.871,14 | 107,14 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***232.371.677,90*** | ***275.208.340,40*** | ***118,43*** |

[2] Извор: Финансиски план за измена на Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2022 година (со датум од 02.11.2022 година).

*2.2.1 Графички приказ на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година*




Како што може да се види од табелата 2.2 погоре, во третото тримесечје од 2022 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 18,43% повеќе расходи во однос на планираните за извештајниот период, при што:

- Ставката – бруто плати за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните за 18,72% пред се заради донесената одлука на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за 2020, 2021 и 2022 година. Одлуката е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ за третото тримесечје кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање;
- Ставката – други трошоци за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните заради исплатени средства за јубилејни награди за вработените за 2022 година, како и помош за вработени[3];
- Ставката – потрошена енергија, реализирани се повеќе средства од планираните како резултат на извршено плаќање на фактури за електрична енергија од Министерството за одбрана за изминат период (април, мај и јуни 2022 година), пристигнати со задоцнување, како и заради зголемената цена на електричната енергија во 2022 година;
- Ставката – трошоци за одржување, реализирани се повеќе средства во однос на намалениот износ на планирани трошоци за оваа ставка во Финансискиот план за измена на Годишниот финансиски план на Друштвото за 2022 година за трошоците за тековно одржување на

[3] Овие трошоци се исплатени во согласност со одредбите од Колективниот договор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје.

опремата, одржување на хигиена, одржување на моторни возила, како и трошоците за заштита и унапредување на животната средина;

- Ставката - останати услуги[4], покажува зголемување во процентни поени, во однос на намалениот износ на планирани трошоци за оваа ставка во Финансискиот план за измена на Годишниот финансиски план на Друштвото;
- Ставката – премии за осигурување, реализирани се повеќе средства од планираните пред се заради трошоците за исплата на премии за осигурување на членовите на УО и НО на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје во износ од 999.953,00 денари;
- Ставката – банкарски услуги и провизии за работење во земјата и странство, реализирани се повеќе средства во однос на намалениот износ на планирани трошоци за оваа ставка во Финансискиот план за измена на Годишниот финансиски план на Друштвото за 2022 година за трошоците за исплатена еднократна провизија по кредитот од ЕБОР во износ од 7.510.076,87 денари;
- Ставката – камати по банкарски кредити, реализирани се повеќе средства во однос на намалениот износ на планирани трошоци за оваа ставка во Финансискиот план за измена на Годишниот финансиски план на Друштвото за 2022 година за трошоците за камата по заемот со ЕБОР;
- Амортизацијата е пресметана согласно сметководствената политика на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Како што може да се види од горенаведената табела, останатите реализирани трошоци на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во третото тримесечје од 2022 година се во рамките на вкупно планираните, иако кај некои се забележува значително отстапување од планираното.

Согласно горенаведената анализа, во третото тримесечје од 2022 година реализирани се поголеми приходи од расходи (сметководствена добивка) во износ од 185.244.423,26 денари.

# 3 Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година

## 3.1 Анализа на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година

Како што може да се види од Табелата 3.1 подолу, реализираните вкупни приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје во третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година се

[4] Тука влегуваат трошоците за регистрација на службени возила, огласи во весници за објавување на јавни набавки, како и трошоци за дератизација на просториите на Друштвото.

зголемени за 26,20% и тоа: приходите од прелети се зголемени за 26,83%, приходите од терминални услуги бележат зголемување од 21,06%, додека останатите приходи бележат зголемување од 26,30%.




Секако и тука ќе спомeнеме дека реализираните приходи во третото тримесечје од 2022 година во однос на истиот период од 2021 година беа значително зголемени за повеќе процентни поени како резултат на зголемениот обем на воздушен сообраќај. Тоа се должи на намаленото влијание на Covid-19, укинувањето на рестрикциите од страна на државите и зголемениот интерес за патување до туристичките дестинации во летниот период што резултираше со драстично зголемување и на приходите од реализирани услуги.

**Табела 3.1: Реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година**[5]

| *Вид на приходи* | *Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2022* | *Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2021* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***Прелети на воздухоплови*** | 409.206.824,90 | 322.637.180,00 | 126,83 |
| | | | |
| ***Терминални услуги*** | 47.724.961,90 | 39.422.423,00 | 121,06 |
| | | | |
| ***Останати приходи*** | 3.520.976,86 | 2.787.812,82 | 126,30 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***460.452.763,66*** | ***364.847.415,82*** | ***126,20*** |

[5] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2022 година (со датум од 02.11.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули – септември 2021 година.

### *3.1.1 Графички приказ на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година*




## 3.2 Анализа на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година

**Табела 3.2: Реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година**[6]

| *Вид на расходи* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2022* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2021* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **223.588.263,00** | **151.682.151,00** | **147,41** |
| Бруто плати | 221.099.332,00 | 150.538.957,00 | 146,87 |
| Други трошоци за вработените | 2.488.931,00 | 1.143.194,00 | 217,72 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **18.684.428,56** | **11.838.314,19** | **157,83** |
| Трошоци за суровини и материјали | 77.182,00 | 107.974,00 | 71,48 |
| Трошоци за резервни делови | 29.372,00 | 18.255,00 | 160,90 |
| Потрошена енергија | 9.259.417,84 | 2.173.944,24 | 425,93 |
| Транспортни услуги | 247.161,49 | 223.353,45 | 110,66 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 4.147.302,87 | 4.216.313,74 | 98,36 |
| Трошоци за одржување | 4.921.022,36 | 2.874.813,63 | 171,18 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 2.970,00 | 2.223.660,13 | 0,13 |

[6] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2022 година (со датум од 02.11.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули-септември 2021 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **7.077.542,33** | **6.285.726,49** | **112,60** |
| Закуп на канцелариски простор | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 277.377,00 | 91.382,00 | 303,54 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 3.005.066,27 | 320.773,07 | 936,82 |
| Трошоци за репрезентација | 537.830,63 | 406.432,27 | 132,33 |
| Премии за осигурување | 1.218.978,00 | 172.210,00 | 707,84 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 3.838,00 | 5.270,00 | 72,83 |
| Останати нематеријални трошоци | 2.034.452,43 | 5.289.659,15 | 38,46 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **11.250.000,00** | **14.625.000,00** | **76,92** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **2.901.469,95** | **0,00** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **11.706.636,56** | **2.476.742,09** | **472,66** |
| Банкарски трошоци | 9.188.765,42 | 263.355,86 | 3.489,11 |
| Камати по банкарски кредити | 2.517.871,14 | 2.213.386,23 | 113,76 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***275.208.340,40*** | ***186.907.933,77*** | ***147,24*** |

### *3.2.1 Графички приказ на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година*




Како што може да се види од Табелата 3.2 погоре, реализираните вкупни трошоци на Друштвото во третото тримесечје од 2022 година се зголемени за 47,24% во споредба со истиот период од 2021 година, при што:

- Ставката - бруто плати за вработените е зголемена во однос на 2021 година пред се заради донесената одлука на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за годините 2020, 2021 и 2022. Одлуката е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ за третото тримесечје кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање. Треба да се има предвид фактот дека во 2021 година сеуште беа на сила антикризните мерки за надминување на лошата финансиска состојба на Друштвото, предизвикана со пандемијата од Covid-19;
- Ставката – други трошоци за вработените во која влегуваат трошоци за јубилејни награди за вработените, исплата на помош за смрт на член во семејство, помош на вработени, надомест за одвоен живот, задолжителни лекарски прегледи на контролорите, трошоци за испити, како и останати надоместоци за вработените, што се исплаќаат согласно Колективниот договор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, се зголемени во однос на 2021 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.3: Реализирани други трошоци за вработените на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година**[7]

| ***Други трошоци за вработените*** | ***01.07-30.09.2022*** | ***01.07-30.09.2021*** |
|---|---|---|
| | | |
| Јубилејни награди | 2.192.679,00 | 0,00 |
| Помош за смрт на член од семејство | 0,00 | 897.883,00 |
| Помош на вработени | 121.858,00 | 168.051,00 |
| Задолжителни лекарски прегледи на контролори | 12.007,00 | 59.450,00 |
| Трошоци за испити | 162.387,00 | 17.810,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***2.488.931,00*** | ***1.143.194,00*** |

- Ставката – потрошени резервни делови покажува зголемување во процентни поени во однос на 2021 година, но вредносно зголемувањето е мало, при што истата е во согласност со планираните трошоци за 2022 година;
- Ставката – трошоци за енергија е зголемена во однос на 2021 година како резултат на извршено плаќање на фактури за електрична енергија од Министерството за одбрана за изминат период (април, мај и јуни 2022 година), пристигнати со задоцнување, како и заради зголемената цена на електричната енергија во 2022 година;

[7] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2022 година (со датум од 02.11.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули-септември 2021 година.

- Ставката – транспортни услуги покажува зголемување во процентни поени во однос на 2021 година, но вредносно зголемувањето е мало, при што истите се во согласност со планираните трошоци за 2022 година;
- Ставката – трошоци за одржување е зголемена во однос на 2021 година како резултат на повеќе потрошени средства за тековно одржување на опремата (1.847.749,32 денари за калибража на опремата, 987.120,00 денари за одржување на модул, 106.250,00 денари за за вонреден технички преглед на електроенергетска опрема и останати трошоци со помали износи), одржување на хигиена, како и одржување на моторни возила;
- Ставката – останати услуги во 2022 се зголемени во однос на 2021 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати услуги на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година[8]**

| ***Останати услуги*** | ***01.07-30.09.2022*** | ***01.07-30.09.2021*** |
|---|---|---|
| | | |
| Регистрација на возила | 80.766,00 | 65.914,00 |
| Огласи во дневни весници | 196.611,00 | 25.468,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***277.377,00*** | ***91.382,00*** |

- Ставката – дневници за службен пат и патни трошоци се зголемени во однос на 2021 година во најголем дел за трошоците за ноќевање и дневници за службени патувања во странство, како резултат на интензивирани инвестициони активности, но истите се во рамки на планираните трошоци за 2022 година. Како резултат на сите ограничувања за патувања што беа донесени во 2021 година, заради пандемијата со Covid-19, службените патувања во странство беа сведени на минимум;
- Ставката – трошоци за репрезентација се зголемени во однос на 2021 година во најголем дел за трошоците за услуги поврзани со деловни состаноци околу инвестиционите активности и проекти;
- Ставката – премии за осигурување е зголемена во однос на 2021 година како резултат на потставката премии за осигурување на члeновите на УО и НО на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во износ од 999.953,00 денари;
- Ставката - останати нематеријални трошоци во 2022 година се намалени во однос на 2021 година и детално прикажани подолу:

[8] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2022 година (со датум од 02.11.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули-септември 2021 година.

**Табела 3.4: Реализирани останати нематеријални трошоци на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година во споредба со истиот период од 2021 година[9]**

| *Останати нематеријални трошоци* | *01.07-30.09.2022* | *01.07-30.09.2021* |
|---|---|---|
| | | |
| **Наемнина за недвижности** | **664.393,00** | **16.008,00** |
| - Закуп за антена на Црн Врв | 16.005,00 | 16.008,00 |
| - Закуп на деловен простор[10] | 648.388,00 | 0,00 |
| Надомест надзорен одбор | 106.665,00 | 106.665,00 |
| Авторски хонорари[11] | 358.502,00 | 469.269,00 |
| Консултантски услуги[12] | 0,00 | 2.350.294,70 |
| **Семинари и советувања** | ***40.600,00*** | ***0,00*** |
| - Останати курсеви и обуки за вработените | 40.600,00 | 0,00 |
| Адвокатски услуги[13] | 290.922,00 | 144.445,00 |
| Одржување на софтвер | 22.506,00 | 20.460,00 |
| **Останати интелектуални услуги** | ***322.336,25*** | ***1.832.264,45*** |
| - Трошоци за провизија на Eurocontrol[14] | 230.606,25 | 230.606,25 |
| - Превод на документи | 64.400,00 | 1.800,00 |
| - Електронска база на податоци | 27.330,00 | 0,00 |
| - Геодетско мерење[15] | 0,00 | 1.179.765,00 |
| - Изработка на гео-карти[16] | 0,00 | 412.149,94 |
| - Годишен надомест од Македонска берза[17] | 0,00 | 4.130,00 |
| - Комуникациски услуги[18] | 0,00 | 3.813,26 |
| Стручни списанија и весници[19] | 62.755,00 | 63.541,00 |
| Трошоци за сертификација и лиценци од АЦВ | 81.830,00 | 39.114,00 |
| **Други нематеријални трошоци** | ***83.943,18*** | ***247.598,00*** |
| - Изработка на идентификациони картички[20] | 4.169,00 | 16.718,00 |
| - Архивирање на документи[21] | 53.384,00 | 40.038,00 |
| - Други нематеријални трошоци[22] | 0,00 | 19.177,00 |
| - Трошоци за издавање на виза за вработени | 17.537,18 | 0,00 |
| - Обнова на токен | 5.720,00 | 0,00 |
| - Трошоци за издавање на потврди за неосудуваност на вработени | 3.133,00 | 171.665,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***2.034.452,43*** | ***5.289.659,15*** |

[9] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2022 година (со датум од 02.11.2022 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули-септември 2021 година.
[10] Согласно Договор со ТАВ Македонија за изнајмување на деловен простор на Меѓународниот аеродром Скопје, како и согласно договор за изнајмување на деловен простор – објект Малага во Центар, Скопје.
[11] Согласно Договори за дело на 3 вработени во 2022 година, а 5 вработени во 2021 година.
[12] [12] Согласно Договорот за консултатитвни услуги со ЕГИС АВИА.
[13] Согласно Договори со Адвокат Мефаиљ Арслани, Адвокат Зекир Зекири и Адвокат Албин Беџети, додека во 2021 година имаше склучено договори со Адвокат Мефаиљ Арслани и адвокат Зекир Зекири.
[14] По Договор за вршење на услуги за наплата на АТС услуги од авиокомпании.
[15] Согласно Договор со ГЕОФОТО-ЗЕНИТ Скопје број 02-1933/3 од 13.12.2019 година за геодетско мерење на препреки и навигациони средства (согласно член 4 од договорот, платени се остатокот од 50% од вредноста на договорот, за извршен втор дел на услугата по основ на фактура).
[16] Согласно Договор број 10400647 склучен со Bentley Systems Europe B.V за Bentley Select годишна претплата.
[17] За објавување на финансиски извештаи на слободен пазар.
[18] Комуникациски услуги (MET OFFICE).
[19] Репрезент, Правник, Академик, Коха, Слободен печат.
[20] Идентификациони картички за пристап на вработени од „М-НАВ“ А.Д. - Скопје на аеродромска писта и аеродромски простории, сопственост на ТАВ Македонија.
[21] Согласно Договор со фирма INBOX Скопје.
[22] Фотокопирање на документи, изработка на визит карти и сл.

- Ставката – останати трошоци од работењето е зголемена во однос на 2021 година како резултат на потставката за вредносно усогласување (обезвреднување на основните средства на Друштвото) во износ од 218.488,95 денари, како и потставката за вредносно усогласување на побарувањата на Друштвото во износ од 2.682.981,00 денари;
- Ставката – банкарски услуги и провизии за работење во земјата и странство е зголемена во однос на 2021 година како резултат на потставката за провизии за банкарски услуги во земјата во износ од 1.501.429,00 денари[23], потставката за исплатена еднократна провизија по кредитот од ЕБОР во износ од 7.510.076,87 денари, како и потставката за негативни курсни разлики во износ од 139.236,30 денари;
- Ставката – камата по банкарски кредити покажува зголемување во процентни поени во однос на 2021 година, но вредносно зголемувањето е мало, така што не предизвикува значајни финансиски импликации за Друштвото.

# 4 Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2022 година

„М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот 01.07-30.09.2022 година своето работење го извршуваше со 293 вработени.

За пресметковниот период трошоците за амортизацијата се дадени пресметковно, во висина од ¼ од вкупно планираната амортизација за 2022 година.

На 30.09.2022 година на сметките на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје го има следното салдо:

| | |
|---|---|
| жиро сметка во Комерцијална банка | 112.104.246,00 денари |
| девизна сметка во Комерцијална банка | 4.947.057,93 ЕУР |

Според принципите на Eurocontrol фактурирањето на реализацијата за тековниот месец се врши во наредниот месец, а наплатата е во месецот што следи (на пр. реализираниот сообраќај за април се фактурира во мај, а наплатата на побарувањата од април пристигнува на сметката на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во јуни). Согласно овој принцип овие побарувања се со рочност од 30-60 дена.

Со состојба на 30.09.2022 година побарувањето од Eurocontrol (за прелети и терминални услуги) е во износ од 200.775.913,50 денари.

[23] Овие трошоци се зголемени како резултат на трошоците околу кредитот со Комерцијална банка.